**Известување за концентрација со која МК Ланд СПВ д.о.о. Белград, Република Србија стекнува заедничка контрола над ДОО Миротин Врбас, Република Србија**
**(предмет бр. 08-129/2021)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.11.2021 година, а дополнето на 03.12.2021 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото **МК Ланд СПВ д.о.о. Белград**, со регистрирано седиште на Булевар Михаила Пупина 115е, Нов Белград, Белград, Република Србија заедно со постојните сопственици на удели МПЗ Аграр Д.о.о., Нови Сад, Република Србија и физичкото лице З.П од Република Србија ќе стекне заедничка контрола над друштвото **ДОО Миротин Врбас**, со седиште на Ивана Милутиновиќа 33, Врбас, Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**МК Ланд СПВ д.о.о. Белград** е друштво во состав на МК Групата, која е под контрола на господин Миодраг Костиќ („**МК Група**“). Во составот на МК Групата се наоѓаат повеќе од 40 поврзани претпријатија кои работат во Србија и во странство, и кои вработуваат повеќе од 4.000 вработени. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. МК Групата покрај тоа тргува со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Група нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

**ДОО Миротин Врбас**, е основано на 19 август 1992 година во Нови Сад. ДОО Миротин Врбас преку неговите зависни друштва, се бави со производство и продажба на големо на ратарски земјоделски производи (како што се пченица, пченка, јачмен, соја, шеќерна репка, сончоглед), млеко и млечни производи, масла за јадење, масти, одгледување на крави и говеда за гоење, складирање и мелење на земјоделски производи и производство на млински производи, како и производство на електрична енергија од обновливи извори (како што е биогас). Во помал обем ДОО Миротин Врбас се бави и со слатководни аквакултури (одгледување на шаран за конзумирање) и производство на овошје.

Претежната регистрирана дејност на Целното друштво, со која е регистрирано

Целното друштво во Агенцијата за трговски регистри на Република Србија е одгледување житни култури (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајни семиња (шифра на дејност: 0111).

ДОО Миротин Врбас нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека како **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар на:

1. Продажба на големо на масла и масти за јадење.
2. Продажба на големо на млински производи.

Што се однесува до **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација. Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

09.12.2021 година, Скопје